Бр./Nr 12-2223/5
17-11-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – ---------------------- од Скопје, на продолжението на 41-та седница одржано на 12.11.2020 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Пријавата поднесена од познат подносител – ------------------------ од Скопје, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2223/1 од 17.06.2020 година, во која се изразува поплака за работата на Управен суд при постапувањето по конкретни предмети, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата утврди дека нема елементи за надлежно постапување по предметот од причина што наводите во пријавата се во надлежност на друг орган – Судски совет на Република Северна Македонија кој постапил по истата согласно своите законски надлежности.

Предметот со број 12-2223/1 од 17.06.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2223/1 од 17.06.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ------------------ од Скопје.

Пријавата доставена до Државната комисија е насловена како поплака за работата на Управен суд по предметот У-5 бр.243/2019 во која постапувал совет од тројца судии и тоа судија ---------------- како претседател на совет и судиите -------------------------- и ----------------- како членови на советот.

Како што е наведено, подносителот, во својство на тужител водел два управни спора пред Управниот суд и тоа предмет У-1 бр.55/2018 и предмет У-1 бр.243/2019 во кои биле донесени пресуди од Управниот суд, но тие се разликуваат од пресудите за исти случај на друг тужител од што може да се стави под сомнение стручноста и непристрасноста при одлучување во идентични предмети донесени од судечкиот совет на Управниот суд, што претставува селективна правда. Подносителот наведува дека ја поднесува

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

оваа пријава поради основано сомнение дека овие судии постапиле спротивно на начелата законитост, интегритет и еднаквост при одлучување по наведените предмети, на начин што не постапувале совесно, стручно, одговорно, чесно и непристрасно со што го повредиле правото на тужителот.

Подносителот наведува дека на иста фактичка и правна ситуација, за исто спорно прашање, за идентични решенија донесени од тужениот орган на ист датум, на иста ситуација која што постои во двата предмета, за исти овластувања, со исти критериуми, за двајца геодети/колеги со ист степен на образование, издадени на ист датум, судот различно го применува законот, заземал различно правно толкување и носи спротивни одлуки. Во прилог на пријавата, подносителот дава образложение на судските постапки и доставува прилог документација, од која е видно дека се обратил и до Судскиот совет на РСМ и дека го искористил правото на правна заштита до судска инстанца од повисок степен.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно постапил надлежен државен орган во рамки на своите законски овластувања.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: м-р Ш.С, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**